Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 19.02.2019

На 18.02.2019 година во 17.40 часот на регионалниот пат Тетово – село Јажинце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Фолксваген голф“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(59) од село Нераште, трактор „ИМТ 539“ без регистарски ознаки, управуван од А.Б.(50) од село Доброште, а било удрено и паркирано патничко возило „Фолксаваген голф“ со тетовски регистарски ознаки, сопственост и паркирано од Б.Е.(36) од село Доброште. Во незгодата со повреди се здобиле двајцата возачи и А.Д.(59) од село Нераште, сопатничка во возилото „Фолксваген Голф“, управувано од А.Д.. Со други возила тие биле пренесени во Клиничката болница Тетово, каде лекар констатирал смрт кај возачот на тракторот. Додека, кај сопатничката А.Д. биле констатирани тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош била пренесена во Ургентен центар при комплексот клиники

„Мајка Тереза" во Скопје. Кај А.Д. биле констатирани телесни повреди и по укажаната лекарска помош бил пуштен на домашно лекување. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово. По наредба на Јавен обвинител, над телото на починатиот ќе се врши обдукција.

На 18.02.2019 година околу 18.05 часот на место викано „Долно маало" во близина на село Тромеѓа, кумановско, на земјен пат, трактор „Универзал 445", управуван од Б.П. (49) од село Тромеѓа се превртел и притоа, со тешки телесни повреди се здобил Б.П., кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Ургентен центар Куманово. По укажаната лекарска помош, бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза"-Скопје. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 18.02.2019 година во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на објект во изградба на улица „Лондонска" во Скопје, кој го гради тетовска фирма сопственост на Г.Х.(54) од село Мала Речица, починал градежниот работник М.А.(33) од село Челопек, тетовско. Според пријавеното, додека М.А. се обидувал да натовари железна арматура на кран, арматурата се откачила и од висина од околу два метри паднала врз него. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото било предадено на обдукција. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа од СВР Скопје.

На 17.02.2019 година околу 16.50 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во Вевчани, струшко, при чистење на одводен канал, била пронајдена една рачна бомба со непознато потекло од Втора Светска Војна и една кесичка со барут. Од страна на овластено лице од Дирекцијата за заштита и спасување рачната бомба била безбедно подигната и предадена за понатамошна постапка.

На 18.02.2019 година во 14.20 часот во Полициската станица Карпош, Г.И.(46) од Скопје пријавил дека на 13.02.2019 година на улица „Дрезденска" нејзиниот 12-годишен син бил каснат од куче-скитник за десната рака.

Во текот на изминатиот ден (18.02.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно девет сообраќајни незгоди од кои пет сообраќајни незгоди со телесни повреди и четири со материјална штета. Во сообраќајните незгоди шест лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 62 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 15 возачи од кои: двајца возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 12 управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така исклучени од сообраќај се и девет возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, пет возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, пет поради неправилно престројување, тројца поради неправилно престигнување, еден поради непоседување пропишана зимска опрема, седум поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и седум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се четири пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и еден пешак поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатите денови издадени се 94 мандатни платни налози и 88 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 18.02.2019 година полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, безбедносен ремен, светло и алкохол, при што биле контролирани 390 возила. При контролата било констатирано дека 21 возачи го управувале возилото со поголема брзина од дозволената, 12 возачи управувале без возачка дозвола, кај пет возачи било откриено присуство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај. Пет возачи користеле мобилен телефон при управување на возилото, а тројца не користеле сигурносен појас. Девет возачи биле писмено предупредени, а на 50 возачи им биле изготвени мандатни платни налози и ќе се соочат со соодветни глоби, а исто така, биле изготвени и 26 прекршочни налози. При контролата откриени се и други 18 видови прекршоци.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.М.(50) од село Облешево поради постоење основи на сомнение за сторено продолжено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во текот на 2016 година и 2017 година пријавената, како директор на основното училиште „Климент Охридски" во село Облешево, во три наврати, спротивно на Законот за јавни набавки, ангажирала фирми за изведување на градежни активности на објектот на наведеното училиште, без претходно спроведена постапки за јавна набавка, со што им овозможиле да се стекнат со противправна имотна корист од 324.795 денари, а на штета на буџетот на општина Чешиново-Облешево.

На 18.02.2019 година околу 23.00 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар од слобода биле лишени А.Н.(20) и А.М.(22) од гостиварското село Дебреше. Полициски службеници извршиле преглед над нив, при што пронашле и одзеле марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Гостивар, а по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 17.02.2019 година во 23.30 часот во Полициска канцеларија Богданци, поради сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", од слобода биле лишени Н.Р.(19) и К.М.(24) од Гевгелија. Притоа, кај нив била пронајдена и одземена марихуана.

На 18.02.2019 З.К (44) од с.Кукуречани, пријавил дека пред неколку дена во с.Кукуречани, врз неговиот син С.К., кој е лице со тешка интелектуална попреченост, била извршена обљуба од страна на лицето П.К., кое исто така било лице со тешка интелектуална попреченост, а тоа било снимено со мобилен телефон од страна на други лица. Веднаш се преземени соодветни мерки и од слобода е лишен А.Т. (19) од с.Габалавци, кој е задржан во СВР Битола и против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава. Се презмеаат и дополнителни мерки во врска со случајот.

На 17.02.2019 година во 19.30 часот во Полициска станица Радовиш од слобода биле лишени и задржани Ѓ.М.(19) и С.М.(23) од село Ракитец, општина Конче. Претходно, лицата биле запрени на улица „Свети Спасо Радовишки" во Радовиш, при што кај Ѓ.М. биле пронајдени и одземени марихуана, еден пиштол за светлосно звучна сигнализација „Фиртина Супер Магнум" калибар 9мм и три куршуми за него, додека кај С.М. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 18.02.2019 година во 20.15 часот во СВР Скопје, А.Б.(41) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 19.30 часот на булевар „Кузман Јосифовски-Питу" неговиот 16-годишен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.П.(25) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.10.2018 година во Прилеп полициски службеници извршиле преглед над А.Н., при што пронашле и одзеле марихуана, која претходно ја купил од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Б.Б.(24) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.07.2018 година во 22.00 часот во Дебар полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 18.02.2019 година во 23.35 часот во СВР Скопје, И.И.(29) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22.30 часот на улица „Орце Николов" физички бил нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Т.(37) од село Ботун, општина Дебарца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на службена положба и овластување". На 31.07.2013 година пријавениот, како градоначалник на општина Дебарца, спротивно на одлуката на општината, извршил распределба на 20.000 денари на здружение за едукација на жената во руралната средина од село Велмеј, во кое одговорни лица се неговата сестра В.А. и лицето С.А., и покрај тоа што здружението не го исполнувало условот за претходно спроведување на активности од најмалку шест месеци, со што им овозможил да се стекнат со противправна имотна корист за наведениот износ, а на штета на Буџетот на општина Дебарца.

На 18.02.2019 година во 15.00 часот во СВР Скопје, социјален работник во Домот „25-ти Мај"-Скопје пријавила дека на 17.02.2019 година околу 17.00 часот на бул. „К.Ј. Питу" нивен 17 годишен штитеник, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.С.(36) од село Оморани, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување", против В.К.(54) од Велес - вработена во Шумско стопанство „Бабуна" како шумски техничар - референт по превоз, Р.Х.(54) од село Бузалково - вработена во Шумско стопанство „Бабуна" како шумочувар, Н.П.(42) од Штип – вработен во ШС „Бабуна" како референт по сеча и дотур поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" и против Г.Ц.(23) од село Ржаничино, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „поттикнување". Во текот на 2018 година првопријавениот, како самостоен техничар во ШС „Бабуна", на петтопријавениот му издал две одобренија за сеча на вкупно 85 кубни метри огревно дрво од парцела во атар на село Џидимирци и покрај тоа што знаел дека на наведената парцела има околу 19 метри кубни огревно дрво. По ова, второ, трето и четвртопријавениот, со пропуштање на должен надзор при

сеча, дотур и жигосување на огревно дрво од страна на петтопријавениот, му овозможиле на истиот да исече и превезе 56,65 кубни метри огревно дрво, со што се стекнал со противправна имотна корист на штета на Буџетот на ЈП „Македонски Шуми".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.С.(25) и З.С.(32), двајцата од село Падалиште, гостиварско, поради постоење снови на сомнение за сторени кривични дела ,,пустошење на шума" и „кражба". Во атар на село Падалиште, на место викано „Бериковски Рид", од парцела сопственост на Ќ.А.(65) од село Падалиште, пријавените бесправно исекле букови дрва.

На 18.02.2019 година во 20.15 часот во СВР Скопје, Ф.М.(19) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот на булевар „К.Ј. Питу" бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)